ДОМОТ НА КУЛТУРАТА "ИВАН МАЗОВ - КЛИМЕ", ГРАДОНАЧАЛНИКОТ , СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА НА РМ ВЕ ПОКАНУВААТ НА:

ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ

# ГОРДАН РИСТОВСКИ




ГАЛЕРИЈА ДОМ НА КУЛТУРА КАВАДАРЦИ ВТОРНИК,
21 МАЈ 2013 ГОД.

Крајноста на убавината

Повеќе од триесет години Гордан Ристовски ја слика природата, најчесто како патник на моторцикл. Неговите средства за изразување се црно белата и фотографијата во боја, со што успешно докажува дека за правиот посветеник не е битен техничкиот туку творечкиот момент, како и дека е можно да се премине канонската поделба. Фотографот одбира места на кои природата се покажува како огромна, моќна и несовладлива, дури и застрашувачка. Моментот на запазување на тој призор е естетски, го запазува и чува само уметникот. Природата покажана на неговите фотографии може да побуди чуство на осаменост, кое фотографот го премостува со вметнување на елементарен свет во сцената. Човекот е одсутен, надвор од кадарот, природата се гледа во својата потполност, но присутни се неговите траги, најчесто клупи, канделабри, огради или сообраќајни знаци.

Има нешто драматично, можеби и застрашувачко на овие фотографии, некоја притаеност и претпазливост, бидејќи природата е сурова, човекот изгледа не и е важен. Затоа Ристовски фотографира симболични и стварни изрази на превласт со кои човекот се бори – планински мостови и тунели пробиени во стените, кули издигнати во висините, стази во клисурите, згради на бреговите, брзи реки и осамени куќи во стеновитите масиви. Фотографот како сликарот Каспар Давид Фридрих (Caspar David Friedrich) е во потрага по широк видик, романтичната и херојската природа, го избира местото на поглед од кое се отвора поглед на морето од магла кое прави острови од планинските врвови, оди таму каде човекот е ситен. Цивилизациската условеност и досадата на современиот човек превладува во таканареченото “океанско чуство“, познато во естетика и психологијата, кое подразбира краткотрајно втопување на свеста во огромната природна целина и се смета за првокласно духовно искуство. Во прашање се сцени кои бараат отвореност на умот,  храброст и чисто срце, тогаш пред посматрачот се воздигнува нејзиното мистично величество -Природата.

Фотографот е некој кој ја препознава нејзината извонредност, избраник и патник кој има око и душевна присебност да ја забележи крајноста на убавината. Без многу помошни средства, ефекти и посредници, остава природата самата да се претстави. Доволно е да тесната, со висока трава зарасната, планинска патека ја покаже во нејзината надмоќност, или едно дрво може да има и космичка смисла. Тоа е религија на кој и се посветија големите германски мислители, европските и американските писатели и сликари, во нејзина слава настаната, како и целокупната далекуисточна уметност. Природата – нескротлива, убава и содржателна, темел и последна тврдина, во хријстијанска смисла Божје дело. Фотографот ги истражува нејзините сенки, бои, линии и облици, ја разоткрива митската димензија, поинаку од филозофите и светите лица. Открива сцени кои ретко се покажуваат – алпски езера и врвови милувани со сончевите зраци кои се пробиваат преку маглата, осамени рибарски чамци изгубени во пространството, одсјајот на месечината на езерската површина, сцени со нагласена атмосфера. Исти чуства будат и црно белите фотографии од автомобилските гробишта.

На повисоко, идејно ниво, поединечните дела на Гордан Ристовски концептуално се обединети. Тој ја следи судбината на предметите, клупите, ги испитува изгледот, местото, вредноста, ја наоѓа по планинските висини и места каде се отвара бескраен поглед, на места каде најмалку се очекува, или во градовите каде со сообраќајните знаци и самата е симбол на модерната епоха. На апстрактност укажуваат и фотографиите посветени на змијоликите серпентини, трагите во снег, патоказите, структурите на уредно наредените дрва, прозорците на црквите или седиштата во амфитеатарот. Понекогаш фотографиите со клупи во природата делуваат нестварно, надреалистички, фотографот ја фотографира клупата пред дивите брзи планински реки, на работ од шумата, во ноќта обиколена со оган, а понекогаш и обична, покрај патот, покриена со снег, толку пати видена.

Дали фотографот со овој циклус сака да укаже на апсурдноста на човечкото мешање во природата, дали предметите може да ги гледаме како уметнички интервенции во природата? Можеби го отвора прашањето на современото цивилизациското насилство кое е се по актуелно, она за туристичката опсада на планиските врвови. Или само сака да го насочи посматрачот кон магичните места на кои може да се види сета безначајност на современиот отуѓен живот. Нели се неговите клупи предмети со посебна намена, одбрани во својот род, дали служат за размислување, сеќавања и медитација, нели е на места каде и јавето сонува? Да го оставиме одговорот да го најдат гледачите на фотографиите, бидејќи ниту уметникот не го знае.

**Дејан Ѓориќ**, ликовен и филмски критичар, Белград, Србија







Гордан Ристовски - Гого. Роден 1966 во Кавадарци.По занимање електротехничар. Основното образование го завршува во Тоде Хаџи Тефов (ТХТ), а средното во ЕМУЦ Киро Спанџов – Брко.
Првите контакти со фотокамера ги има уште како дете со камерата на татко му, на која ги прави и првите чекори во фотографијата, за да подоцна во “Народна техника“ уште повеќе се запознае со настанувањето на фотографијата.
Во последните десетина години со спојувањето на интересите, возењето моторцикл и фотографијата, настана и интересот кон уметничката фотографија, за разлика од времето кога фотографијата беше само документ за некое време поминато.
Со зачленувањето во “Јужнословенскиот Културенфорум“ во Цирих, Швајцарија (2007), добива прилика да, иако групно, своите фотографии ги презентира на пошироката јавност.
Покрај на годишните изложби на “Јужнословенскиот Културенфорум“ има учествувано и на други групни изложби, а во меѓувреме има организирано и неколку самостојни изложби.

Самостојни изложби:

2013 Базел, Швајцарија
2012 Цирих, Швајцарија
2012 Штанс, Швајцарија
2011 Цирих, Швајцарија
2011 Берн, Швајцарија

Групни изложби:

од 2007 до 2011 Цирих, Швајцарија
2011 Ужице, Србија
2011 Крагуевац, Србија
2010 Бачка Паланка, Србија
2010 Нови Сад, Србија

Gotthardstr. 3, CH-6415 Arth, ristovski.ch@hotmail.com, 041 855 57 06
www.ristovski.ch, www.kavadarci.info, www.makedonium.ch, www.p20xx.ch







Naumcevi
GI-EM-EN Winery
Kavadarci

Градоначалник
Александар Панов и
Совет на општина
Кавадарци

МИНИСТЕРСТВО ЗА
КУЛТУРА НА РМ

ДОМ НА КУЛТУРА "ИВАН МАЗОВ-КЛИМЕ" КАВАДАРЦИ